Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2007 година.

Бр. 07-670/1
9 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005 и 37/2006), во членот 55 став 2 алинеја 3 на крајот се додаваат зборовите: „по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од Сојузот".

Во алинејата 4 зборовите: „Стопанската комора" се заменуваат со зборовите: „коморите на стопанствениците во Република Македонија, по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите".

Во алинејата 5 на крајот се додаваат зборовите: „по принцип на годишно ротирање на овластените претставници од коморите".

Член 2

Членот 57 се менува и гласи:

"Работоводниот орган на Фондот (во натамошниот текст: директор) се состои од две лица, кои се подеднакво одговорни за работењето на Фондот и за обврските што се преземаат во правниот промет.

За директор на Фондот се именува домашно или странско физичко лице кое ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот и кое ги исполнува следниве услови:

- високо образование од областа на менаџментот, економските науки, финансиите, бизнис администрацијата, менаџмент со јавното здравство, медицинските науки или правните науки,
- најмалку шест години работно искуство од областа на финансиите или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување и
- познавање на прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување.

При именувањето на директор на Фондот едно од лицата кое се именува за директор задолжително треба да има високо образование од областа на менаџментот, економските науки, финансиите или јавната администрација.

Директорот на Фондот се именува по пат на јавен конкурс, за време од четири години, со можност за уште еден избор.

Конкурсот од ставот 4 на овој член се објавува најмалку во два дневни весници, од кои во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и на весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во меѓународно јавно гласило.

Во конкурсот се определува времетраењето на конкурсот кое не може да биде пократко од 30 дена.

Директорот на Фондот, по спроведениот конкурс од ставот 4 на овој член, на предлог на министерот за здравство, го именува Владата на Република Македонија.

По именувањето на директорот на Фондот се склучува менаџерски договор меѓу именуваните лица за директор и Владата на Република Македонија. "

Член 3

По членот 58 се додава нов член 58-а, кој гласи:

“Член 58-а

Актите и финансиските документи од надлежност на директорот ги потпишуваат двете лица.

Ако актот или финансискиот документ од ставот 1 на овој член е потпишан само од едното лице се смета дека истиот не е потпишан.

Ако актот или финансискиот документ не се потпишани од двете лица во рок од пет дена, Управниот одбор на Фондот донесува конечна одлука по истиот во наредните три дена.”

Член 4

Во членот 59 став 1 зборот “ги” се заменува со зборот “го”, а зборовите: “заменикот на директорот” се бришат.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

“Во случаите од ставот 1 алинеи 3 до 7 на овој член, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за здравство ќе ги разреши двете лица именувани за директор.

Ако директорот биде разрешен согласно со ставот 1 на овој член Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за здравство, ќе именува вршител на должноста директор, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеца. “

Член 5

Насловот на делот IV “Казнени одредби” се менува и гласи “Прекршочни санкции”.

Член 6

Во членот 84 став 1 зборовите: “Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на”.

Во ставот 2 зборовите: “со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни и” се заменуваат со зборовите: “глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на”.

Во ставот 3 зборовите: "ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на".

Член 7

Во членот 85 став 1 зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и на".

Член 8

Во членот 86 став 1 зборовите: "Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни" се заменуваат со зборовите: "Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече ".

Во ставот 2 зборовите: "ќе се казни со парична казна од 40.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност и на ".

Член 9

Фондот е должен најдоцна во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласи Статутот со одредбите на овој закон.

Член 10

До именувањето на директор според условите утврдени со овој закон постојниот директор и заменик на директорот на Фондот продолжуваат да ги вршат должностите на директор и заменик на директор, но не подолго до истекот на мандатот.

Член 11

Фондот од денот на влегувањето во сила на овој закон може да врши јавни набавки за потребите на здравствените установи по склучени договори пред денот на влегувањето во сила на овој закон, како и да склучува договори за извршување на групна набавка согласно со Законот за јавните набавки до 1 јули 2007 година.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".